**Влада на Република Северна Македонија**
- ПРЕТСЕДАТЕЛ –

# Мандатно писмо за **министерот за информатичко општество и администрација**

3 септември 2020 година

Почитуван министер Шаќири,

На парламентарните избори кои се одржаа на 15 јули 2020 година граѓаните на Република Северна Македонија избраа да продолжиме да ја движиме државата напред. Нивниот глас за коалицијата која ја формираше новата Влада со мандат од 2020 до 2024 година е нивната сопствена инвестиција во полза за подобар живот за себе, за своите семејства и своите заедници. Гласот на секој граѓанин е глас за одбрана од КОВИД-19 и за успешно справување со здравствено-економската криза, глас за новата македонска економија, за нови и добро платени работни места, за правна и праведна држава, за чиста и здрава животна средина, за функционална инфраструктура, за ефикасно поврзување дома и со светот, за силна национална култура по угледот на европската култура и за образование кое младите генерации ги подготвува за подобра сегашност и подобра иднина.

Во изворното значење на зборот „министер“ се содржани службата, грижата и помагањето на граѓаните. Вие, како министер, морате да го разберете гласот на граѓанинот како прецизна насока која доаѓа од највисоко ниво и од која нема отстапување. Морате да им служите на сите граѓани, без разлика на нивната етничка и партиска припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, раса, боја на кожа, потекло, припадност на маргинализирана група, јазик, социјално потекло, образование, религија, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус. Очекувам дека во извршувањето на Вашите должности и во

остварувањето на Програмата за работа на Владата 2020-2024 година, ќе се вклучите без задршка и со целосна професионална посветеност. Имаме сериозна и суштинска обврска агендата за која се обврзавме пред граѓаните да ја оствaруваме со максимален вложен напор, преку ефективно извршување за најдобри можни резултати. Овој начин не познава компромиси и оправдувања и вклучува постојана изложеност пред јавноста на која ќе ѝ ги ставиме на располагање сите механизми за да ја следи нашата работа.

Вие сте дел од Владата која отворено ја презентира својата работа и е достапна за секој граѓанин на Република Северна Македонија. Јас, како претседател на Владата, ќе ја унапредам структурата на мојот кабинет со цел да бидам уште поотворен премиер и да обезбедам постојана двонасочна комуникација со сите граѓани и заедници на кои им е потребна помош од мене и моите служби, но и за да можам да ги примам и разберам сите идеи и иницијативи кои доаѓаат од јавноста. Ве задолжувам и Вас на редовна и отворена комуникација со сите граѓани и засегнати страни во општеството преку унапредување на каналите за респонзивност, инклузивност и партиципативност.

Вашата работа секојдневно ќе се следи и мери. Ако сте посветени, отчетни и одговорни ќе имате одлични резултати и ќе продолжите да работите уште подобро за уште повеќе резултати. Во спротивно, граѓаните ќе реагираат и тоа ќе предизвика кадровски промени. Само така е исправно и чесно пред зборот кој сме го дале пред граѓаните. Затоа, првите заклучоци за Вашата работа ќе ги донесам после истекот на првите 100 дена од мандатот, односно на истекот на оваа 2020 година, после што се можни промени. На истекот на секоја година ќе вршиме методолошка анализа на реализацијата на зададените цели и на севкупното Ваше работење.

Номинирајќи Ве за министер до Собранието на Република Северна Македонија, бев убеден дека можам да сметам на Вашата целосна одговорност и посветеност во

извршувањето на должностите. Токму затоа, очекувам резултати веднаш. Граѓаните имаат очекувања, а Вие сте на оваа позиција за да направите сè што е потребно за оваа Влада да ги исполни очекувањата.

Како министер за информатичко општество и администрација ќе продолжите со дигитализацијата и спроведување на клучните реформи во јавната администрација за истата да ја подготвиме за пристапување кон европскиот административен простор, како и за да се обезбедат подобри и побрзи услуги за граѓаните и бизнис-заедницата. Ова ќе подразбира продолжување со имплементацијата на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година и Акцискиот план, како и подготовка на нова Стратегија по истекувањето на актуелната. Очекувам да ја финализирате Националната ИКТ стратегија и веднаш потоа, во координација со релевантните институции да започнете со нејзина имплементација. Воедно, од Вас ќе барам да работите заедно со мене и колегите од Владата за остварување на хоризонталните владини политики, особено во процесот на пристапување кон Европската Унија.

Поконкретно, од Вас очекувам:

- Во соработка со Владата и надлежните институции, да продолжите со процесот на реорганизација и оптимизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби;
- Да го намалите обемот на вработени во јавниот сектор за 20 %, преку спојување на функции и надлежности на институциите, пензионирање на 64 години (со исклучоци за дефицитарните кадри и професии), пакети за трансфер во приватниот сектор или предвремено пензионирање и слично;
- По донесувањето на Законот за висока раководна служба, да обезбедите целосна имплементација на критериумите за поставување и избор на високи раководители;

- Да соработувате со министерот за финансии за воведување на концептот на менаџерска отчетност. Да воведете нов систем за средниот менаџмент, заснован на темелни анализи и најдобрите европски практики, кој ќе обезбеди поголема мобилност, посилна мотивација и подобри резултати кај раководителите од среден ранг;
- Преку соодветни измени во регулативата, јасно да ги дефинирате надлежностите на сите нивоа во администрацијата, како на раководните функции, така и на секој вработен;
- Да воспоставите и имплементирате систем кој ја нагласува индивидуалната одговорност и тимската оцена, преку реформирање на постојниот систем за 360° и оценување на административните службеници;
- Да соработувате со мене и мојата Канцеларија за воспоставување на мали работни групи составени од членови на академската заедница, бизнис-секторот, граѓанските организации и администрацијата за нудење нови, иновативни решенија за системски проблеми во државата кои се провлекуваат со години;
- Да продолжите со подобрување на условите за вработените во јавниот сектор:

  - Да се насочите кон креирање на политики и можности за вработување на квалитетни кадри и нивно задржување во јавната служба, развој на нивната кариера и обука, мотивација, соодветно наградување и плати;
  - Со почеток од 2022 година да овозможите секој вработен во институциите, доколку ги постигне целите кои Владата ќе ги утврди како негова задача на почетокот на претходната година, да добие додаток од 5 % на платата;
  - Во првата година од мандатот да соработувате со министерката за труд и социјална политика во подготовка на целосно нов Закон за плати во јавниот сектор кој ќе овозможи еднаква плата за еднаква работа и еднакво вложен труд и одговорност за својата работа. Воведувањето на новиот систем да се одвива етапно, во период од најмалку две години;
  - Преку соодветни измени во регулативата да ја поддржите министерката за труд и социјална политика во процесот на креирање политики со кои ќе се укине можноста за работа по наполнети 64 години возраст, освен за

дефицитарни кадри (како, на пример, здравствените работници и професорскиот кадар на универзитетите);
  - Да подготвите концепт на флексибилно работно време за петок и можност за намалување на бројот на работни часови во текот на неделата;

- Да соработувате со министерот за политички систем и односи меѓу заедниците за ефикасно и квалитетно спроведување и унапредување на правичната и соодветна застапеност во сите институции од јавниот сектор;
- Да продолжите со имплементација на мерки за зајакнување на активната транспарентност на работата на институциите:

  - Во првите шест месеци од мандатот да ја предводите модернизацијата на веб-страниците на министерствата и Владата и да го зголемите бројот и квалитетот на податоци, а до 2024 година да креирате политики за единствен стандард за прикажување и пристапување до информациите на веб-страниците на институциите од јавниот сектор, вклучувајќи и стандарден начин за пребарување и нивна достапност за лицата со попреченост;
  - Во првата година од мандатот да подготвите нова Стратегија за отворени податоци која ќе постави јасни и повисоки цели за транспарентност за сите институции и за нивните први луѓе;
- Да ја продолжите дигитализацијата на работата на администрацијата и услугите за граѓаните и бизнис-заедницата:

  - Во првата година од мандатот да воспоставите централна институција за координација и спроведување на процесот на дигитализација во општеството, но и целосна ИТ поддршка за државните институции;
  - Во првите две години од мандатот да обезбедите соодветно системско решение за целокупна електронска комуникација во рамките на институциите и помеѓу нив;
  - До крајот на 2021 година да овозможите најмалку 30 % од органите на државната управа да имаат воведено електронски систем за

автоматизација на административни постапки, а до крајот на 2024 година системот да биде воведен во сите органи на државната управа;
  - Активно да работите на понатамошна дигитализација на услугите и нивна достапност преку Националниот портал за електронски услуги;

- Да овозможите целосно спроведување на потпишаниот договор со светската компанија Мастеркард за развој и спроведување на иновативни дигитални сертификати за потврда на идентитетот;
- Да продолжите да отворате по Еден центар за услуги (ЕЦУ) во секој град во земјата, по примерот на ЕЦУ во Скопје;
- До крајот на 2020 година да подготвите Студија за изводливост за изградба на национална транспортна оптичка мрежа;
- До крајот на 2023 година да обезбедите целосна покриеност на најмалку еден град со 5G сигнал, а до крајот на мандатот да обезбедите покриеност од 70 % на главните коридори и патната мрежа во државата. Притоа, да предвидите контрола и соодветна регулатива која ќе гарантира безбедност на граѓаните, на државата и критичната инфраструктура;
- Да ги поддржувате медиумските реформи предложени од медиумскиот сектор, засновани врз европските принципи и стандарди:

  - Ќе соработувате со Владата и медиумите за развој на Националната радиотелевизија како вистински јавен радиодифузен сервис;.
  - Заедно да подготвиме Стратегијата за справување со лажните вести;
  - Континуирано да ја поддржувате и овозможувате слободата на говор и слободата на изразување, медиумскиот плурализам и саморегулацијата;
  - Континуирано и недискриминирачки, во соработка со релевантните институции да овозможувате финансиска и нефинансиска поддршка за печатените медиуми и локалните/регионални телевизии;

- Да спроведувате и други активности согласно заложбите и Програмата на Владата на Република Северна Македонија 2020 - 2024 година.

Истовремено, како министер за информатичко општество и администрација во Владата на Република Северна Македонија од Вас очекувам:

- Да бидете прв чувар на Уставот и законите и да осигурате дека Министерството за информатичко општество и администрација ги исполнува сите законски обврски, дека сите носителите на јавни функции и службениците кои работат под Ваша надлежност се еднакво одговорни пред законот и Уставот, а Уставот и законите се спроведуваат еднакво за сите;
- Да бидете пример за добро управување и да осигурате дека носителите на јавните функции и службениците кои работат под Ваша надлежност се придржуваат до највисоки стандарди за одговорно и етичко управување;
- Да осигурате дека Министерството за информатичко општество и администрација навремено, правично, ефикасно и ефективно одговара и ги решава прашањата и постапките од граѓаните и правните лица на тој начин оправдувајќи ја и стекнувајќи ја довербата на граѓаните и јавноста;
- Да ја продолжите примената и да ги унапредите политиките на транспарентност и отчетност;
- Да бидете отворени и инклузивни кон граѓаните, стручната јавност, граѓанското општество и опозицијата во креирањето и спроведувањето на јавните политики со цел да се обезбедат квалитетни политики базирани врз докази и консензуалност во општеството;
- Да осигурате дека државните ресурси не се користат за партиски и изборни цели и дека на административните службеници и вработените во јавниот сектор не им се вршат партиски влијанија;
- Да ја унапредувате родовата еднаквост и правичната застапеност и постојано да го имате предвид мултиетничкиот карактер на земјата.

**Влада на Република Северна Македонија**
- ПРЕТСЕДАТЕЛ –

Соработувајте со сите вработени и искористете ги сите расположливи потенцијали во јавната администрација. Во целото ваше дејствување бидете им пример на тие со кои работите и на граѓаните за кои работите. Придржувајте се до Кодексот за етичко однесување на членови на Влада и носители на јавни функции именувани од страна на Владата и ширете ги етичките вредности. На крајот на нашиот мандат во 2024 година, како резултат на позитивните промени кои ќе ги направиме, Република Северна Македонија да биде земја во која граѓаните сакаат да живеат и да придонесуваат за нејзино постојано унапредување. Граѓаните го очекуваат тоа од нас.

Ви посакувам многу среќа, здравје и успешен мандат.

Искрено Ваш,

Зоран Заев

Претседател на Владата на Република Северна Македонија